РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Управа за хидрометеоролошки работи
Drejtoria për punë hidrometeoroligjike
Бр.-Nr. 05-848/1
02.07.2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА
# РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ
# Период 01.01.2021-30.06.2021

Во првото полугодие на 2021 година Управата за хидрометеоролошки работи ги извршуваше функциите определени со Закон за хидрометеоролошка дејност (”Службен весник на РМ“, бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15) и Програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2021 година( “Службен весник на РСМ”, бр.14/2021). Во делокругот на законски дефинираните надлежности на Управата во изминатиов период се спроведоа активности кои опфаќаа вршење на хидролошки и метеоролошки работи, развој и функционирање на хидрометеоролошкото бдеење, истражувања на атмосферата, почвата и водните ресурси, изготвување на временски прогнози и работи на примената на хидрологијата и метеорологијата во реалниот сектор.

Реализцијата на овие активности е финансирана од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетските сметки (637 и 631) и сметката за самофинансирачки активности(787) .

Планираните износи на средствата по ставки и износите на реализацијата на средствата во првото полугодие на 2021 година Ви ги даваме во следнава табела:

| **тековни расходи по ставки** | **опис** | **Буџет 2021година** | **Реализација на Буџетот во првото полугодие на 2021година** | **% на реализација на средствата** |
|---|---|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 54.490.000 | 26.291.093 | 48,24 |
| **402** | Придонеси за социјално осигурување | 21.191.000 | 10.217.157 | 48,21 |
| **404** | надоместоци | 168.000 | 167.477 | 99,68 |
| **420** | Патни и дневни расходи | 580.000 | 146.030 | 25,17 |
| **421** | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 8.450.000 | 3.987.147 | 47,18 |
| **423** | Материјали и ситен инвентар | 837.000 | 180.744 | 21,59 |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 6.148.000 | 399.637 | 6,50 |
| **425** | Договорни услуги | 64.160.000 | 11.973.913 | 18,66 |
| **426** | Други тековни рсходи | 2.500.000 | 1.654.325 | 66,17 |
| **464** | Разни трансфери | 328.000 | 255.665 | 77,94 |
| **480** | Купување на опрема и машини | 1.130.000 | 408.508 | 36,15 |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 380.000 | 0 | 0 |
| | **вкупно** | **160.362.000** | **55.681.696** | **34,7** |